„Овој свет е (привремено) уживање, а најголемото уживање на овој свет е добра сопруга.“

Абдуллах бин Амр, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Овој свет е (привремено) уживање, а најголемото уживање на овој свет е добра сопруга.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè известува дека овој свет и она што е во него, е нешто што луѓето го користат/уживаат во него одредено време, а потоа ќе исчезне. Највредното задоволство на овој свет е добрата сопруга која кога нејзиниот сопруг ќе ја погледне го прави среќен, кога ќе ѝ нареди да направи нешто, таа го прави тоа, а кога тој е далеку од дома, ја брани и чува својата чест и неговиот имот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5794